# Годишен извештај за работењето

Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР Лајф-Виена Иншуренс Груп
Бр. 02/352-2
28.02 2018 год.
СКОПЈЕ

Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Годишен извештај за работењето
за деловната 2017 година

Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје

(1) Општото економско опкружување во кое работи друштвото

Продолжувањето на политичката криза во Република Македонија е една од главните причини за намалувањето на очекуваниот раст на Бруто Домашниот Производ во 2017 година. Првичните процени беа дека растот на БДП во 2017 година ќе биде 4%. Растот на БДП во третиот квартал од 2017 година изнесува 0,2%. Според реалните податоци направена е нова процена на очекуваниот раст на БДП за 2017 година и тој изнесува под 1%.

Трговскиот биланс и во 2017 година останува негативен, со тоа што извозот на стоки од Република Македонија бележи раст од 9,8% во споредба со 2016 година, додека увозот на стоки бележи раст од 5%.

Бројот на вработени лица во Q4 2017 е зголемен за 3,1% спореден со истиот квартал од минатата година. Бројот на невработени лица се намали за 2,2% на годишно ниво што резултираше со редукција на стапката на невработеност од 23,9% во 2016 година на 22% во 2017 година.

Горенаведените економски параметри во Република Македонија, како и неповолните економски состојби во непосредното опкружување, јасно укажуваат дека пазарот за осигурување на живот сеуште ќе биде во развојот значително зад земјите од Европската Унија. Но од друга страна неразвиеноста на пазарот на осигурување на живот продонесува и во следните години да очекуваме континуиран раст на бруто полисираната премија од осигурување на живот.

(2) Опис на работењето по одделни класи на осигурување.

Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје работи со подолу дадените осигурителни класи:

- Осигурување од последици на несреќен случај - незгода (класа 1)
- Здравствено осигурување (класа 2)
- Осигурување на живот (освен она наведено во точки 20-23 согласно член 5 став 1 од Законот за супервизија на осигурувањето), што опфаќа осигурување во случај на доживување, осигурување во случај на смрт, мешано осигурување на живот, рентно осигурување и осигурување на живот со поврат на премии (класа 19)
- Осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови (класа 21)

Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

(3) Главни категории на приходи и расходи на друштвото за деловната година

Премии

| За периодот од 01 јануари до 31 декември 2017 | Бруто полисирана премија | Промена во бруто резерви за преносни премии | Пренесена премија на реосигурители | Промена во резерви за преносна премија на реосигурителите | Нето приходи од премија за осигурување |
|---|---|---|---|---|---|
| Осигурување живот | 217.050 | | (25.550) | | 191.500 |
| Дополнително осигурување незгода | 13.041 | (640) | (622) | 48 | 11.827 |
| Вкупно премии | **230.091** | **(640)** | **(26.172)** | **48** | **203.327** |

**Приходи од вложувања**

| За периодот од 01 јануари до 31 декември | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Приходи од камати од орочени депозити | 4.636 | 4.002 |
| Приходи од камати од државни записи и државни обврзници | 17.069 | 13.460 |
| Останато | 1.067 | 884 |
| Вкупно приходи од вложувања | **22.772** | **18.346** |

**Промени во математичката резерва, нето од реосигурување**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Математичка резерва за годината | 80.897 | 62.495 |
| Пренесен дел за реосигурителот | (16.777) | (10.002) |
| 31 Декември | **64.120** | **52.493** |
| Математичка резерва, каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 30.896 | 10.768 |
| | **95.016** | **63.261** |

Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

**Административни трошоци и движење на одложените трошоци за стекнување**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Провизија | 66.103 | 62.907 |
| Плати за вработени | 21.799 | 17.834 |
| Амортизација на недвижности и опрема | 2.855 | 4.051 |
| Надоместоци | 3.411 | 6.527 |
| Трошоци за услуги | 1.116 | 2.332 |
| Материјални трошоци | 2.324 | 3.287 |
| Останати администранивни трошоци | 14.838 | 14.521 |
| **Вкупно** | **112.446** | **111.459** |

**Трошоци за штети**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Бруто исплатени штети | **24.306** | 37.453 |
| Бруто исплатени штети- дел во реосигур. | **(790)** | (246) |
| Промени во бруто резерви за штети | **3.495** | 4.292 |
| Резерви за штети – дел за реосигурување | **(35)** | 261 |
| **Нето трошоци за штети** | **26.976** | **41.760** |

**Трошоци за бонуси и попусти**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Бонуси | - | - |
| Попусти | (198) | (177) |
| **Вкупно бонуси и попусти** | **(198)** | **(177)** |

**Данок од добивка**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Тековна година | 289 | - |
| **Вкупно данок** | **289** | **-** |

**Добивка / загуба пред оданочување**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Тековна година | 1.680 | (11.690) |

(4) Структурата на средствата и обврските во билансот на состојба по категории на средства односно обврски

**Нематеријални средства**

| | **Софтвер** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| На 1 јануари 2016 | 26.740 | 26.740 |
| Зголемување | 1.938 | 1.938 |
| **На 31 декември 2016** | **28.678** | **28.678** |
| **Амортизација** | | |
| На 1 јануари 2016 | 22.314 | 22.314 |
| Амортизација за годината | 2.976 | 2.976 |
| **На 31 декември 2016** | **25.290** | **25.290** |
| **Неотпишана вредност** | | |
| **На 1 јануари 2016** | **4.426** | **4.426** |
| **На 31 декември 2016** | **3.388** | **3.388** |

| | **Софтвер** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| На 1 јануари 2017 | 28.678 | 28.678 |
| Зголемување | 1.277 | 1.277 |
| **На 31 декември 2017** | **29.955** | **29.955** |
| **Амортизација** | | |
| На 1 јануари 2017 | **25.290** | **25.290** |
| Амортизација за годината | 1.700 | 1.700 |
| **На 31 декември 2017** | **26.990** | **26.990** |
| **Неотпишана вредност** | | |
| **На 1 јануари 2017** | **3.388** | **3.388** |

| | | |
|---|---|---|
| **На 31 декември 2017** | **2.965** | **2.965** |

На 31 декември 2017 година Друштвото нема дадени недвижности и опрема под залог.

**Вложувања**

Должнички хартии од вредност расположливи за продажба

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Државни обврзници | 368.505 | 322.701 |
| Државни записи | 61.664 | 61.396 |
| Удели во инвестициски фондови | 1.500 | 4.395 |
| | **431.669** | 388.492 |

Орочени депозити

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Орочени депозити во домашни банки | 202.274 | 154.600 |
| Останати заеми од МР | 191 | - |
| | **202.465** | 154.600 |

**Побарувања по основа на осигурување и останати побарувања**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Побарувања од договори за осигурување | 14.216 | 16.759 |
| Побарувања од финансиски вложувања | 13.841 | 12.992 |
| Останати побарувања | 30.687 | 17.581 |
| | **58.744** | **47.332** |
| Исправка на вредноста на побарувањата по основа на осигурување и останати побарувања | (6.516) | (5.915) |
| Побарувања по основа на осигурување и останати побарувања намалени за исправка на вредноста | **52.228** | **41.417** |

**Life WINNER**
VIENNA INSURANCE GROUP

**Парични средства и паричен еквивалент**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Парични средства во благајна | 3 | 5 |
| Парични средства во домашни банки | 30.150 | 28.876 |
| | **30.153** | **28.882** |

**Резерви по договори за осигурување и средства од реосигурување**

| | 2017 | | | 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бруто** | **Реосигу-рување** | **Нето** | **Бруто** | **Реосигуру вање** | **Нето** |
| Математичка резерва | 337.744 | (28.672) | 309.072 | 255.437 | (11.895) | 243.542 |
| Математичка резерва – трансфер на портфолио | 13.353 | - | 13.353 | 14.764 | - | 14.764 |
| Математичка резерва, каде инветиционият ризик е на товар на осигуреникот | 42.854 | - | 42.854 | 11.960 | - | 11.960 |
| Преносна премија | 4.562 | (400) | 4.162 | 3.921 | (352) | 3.569 |
| Резерви за штети | 9.500 | (45) | 9.455 | 6.001 | (10) | 5.991 |
| Резерви за штети –- трансфер на портфолио | 2.084 | - | 2.084 | 2.087 | - | 2.087 |
| | **410.097** | **(29.117)** | **380.980** | **294.170** | **(12.257)** | **281.913** |

**Останати обврски**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи | 2.217 | 2.024 |
| Обврски за плати | 2.344 | 2.267 |
| Останато | 89.071 | 90.605 |

| | | |
|---|---|---|
| | **93.635** | **94.896** |

**Останати резерви**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Резерви за вработени | 118 | 104 1.585 |
| Останати резерви | 3.028 | |
| | **3.146** | **1.689** |

**Капитал и резерви**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Запишан капитал | 356.934 | 356.934 |
| Ревалоризациона резерва | 7.090 | 5.918 |
| Добивка – загуба за тековен период | 1.,392 | (11.690) |
| Пренесена добивка - загуба | (133.720) | (122.030) |
| | **231.696** | **229.132** |

На 31 декември 2017 година акционерскиот капитал се состои од 5.800 обични акции со номинална вредност од 1.000 еур по акција. Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога ќе биде објавена и имаат право на еден глас на Собрание на Друштвото за еквивалент од 1 обична акција. Сите акции носат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса. Друштвото е во целосна сопственост на Vienna Insurance Group AG Wiener Versicherung Group.

(5) Опис на претходниот и идниот развој на друштвото, активностите во делот на истражувањето и развојот

Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ - Виена Иншуренс Груп Скопје ја заснова својата деловна политика врз основа на Статутот на Друштвото, Законот за супервизија и други законски и подзаконски акти кои ја регулираат осигурителната дејност во Република Македонија.

Целта на деловната политика на друштвото е да се позиционира на осигурителниот пазар како современа и пазарно ориентирана компанија, која нуди комплетни услуги за животно осигурување со беспрекорни стандарди и содржини, со цел да се задоволат потребите на македонските граѓани, односно да се зголеми нивото на доверба и интерес кај граѓаните и правните субјекти и да се посочи дека осигурителниот систем е нешто што носи сигурност и безбедност во секојдневниот живот, во услови на променливи и несигурни опкружување.

Темелите на деловната политика се засновани на следниве основни принципи:

- континуирано следење и примена на законските норми и регулативи;
- одговорност и исполнување на обврските кон осигурениците;
- навремено дејствување и решавање на штети;
- ефикасност, прецизност и подготвеност да се одговори на потребите на клиентот;
- управување со ризиците;
- транспарентност во работењето и континуитет во комуникацијата со надлежните органи и институции;
- почитување на насоките и упатствата и навремено известување на органите на управување и акционерот на друштвото;
- актуарско проценување на техничките резерви и нивно издвојување согласно законските прописи и актите на друштвото;
- проширување на кадарот со стручни лица, подобрување на професионалната етика и морална одговорност кај вработените;
- запознавање на јавноста со класите на осигурување преку маркетиншки промоции.

Во Република Македонија, свеста на граѓаните во однос на осигурувањето, а особено во однос на животното осигурување и осигурителното покритие се сеуште ниско развиени. Граѓаните вообичаено користат задолжителни услуги, како што е осигурувањето од автомобилска одговорност, а од доброволните услуги најчесто користат КАСКО осигурување, осигурување од несреќен случај (незгода) и здравствено осигурување при патување кои се дел од неживотното осигурување, додека животното осигурување е присутно во мал број.

Со крајот на 2017 година само околу 3 % од вкупното население во Република Македонија поседува полиса за животно осигурување, што е под просекот во регионалното опкружување и далеку помалку од европскиот просек. Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје се труди-стреми да го промени тоа и да ја подигне свеста на граѓаните во однос на животното осигурување преку постојан маркетинг и понуда на поволни, интересни и корисни осигурителни производи.

Со цел да го зголеми своето пазарно учество, ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје во 2017 година посвети посебно внимание на развојот на соработката со осигурителните и

банкарските посредници на македонскиот пазар како и развојот на нови продукти, посебно со оние друштва кои се специјализирани за продажба на производи за животно осигурување.

(6) Други податоци релевантни за работењето на друштвото

Целта на Друштвото е воспоставување добар и професионален однос со клиентите, обезбедувајќи им доверба, безбедност и можност за проширување на нивното знаење во областа на осигурувањето, како и да ги задоволи нивните потреби преку своите стручни служби и кадри, кои ќе имаат професионален пристап и однос кон клиентите. Деловната етика ќе се промовира како начин на воспоставување на успешна комуникација со граѓаните и истата ќе придонесува за успешен развој и работење на Друштвото како целина, што ќе овозможи квалитетни услуги, со тоа влијаејќи врз порастот на продажбата и финансиското работење како резултат на горенаведеното. Сето ова, како и редовната размена на практични вештини и искуства во рамки на ВИГ Корпоративната Групација, ќе има големо влијание врз развојот на имиџот и репутацијата на Друштвото и воспоставување цврсти деловни односи со афирмирани компании во земјата и странство.

ВИНЕР ЛАЈФ заклучно со 31.12.2017 година брои 18 (осумнаесет) вработени со ВСС:

1. Дарко Дедиќ - Претседател на Управен Одбор
2. Бернд Ацхатз - Член на Управен Одбор
3. Мартин Теов - Член на Управен Одбор
4. Кристина Гоговска - Координатор за финансиски извештаи и сметководство
5. Дијана Симјановска - Соработник за техника во осигурување
6. Ленин Прцуловски - Внатрешен ревизор
7. Горан Спировски - Системски и апликативен администратор
8. Алојз Роп - Системски Администратор
9. Марина Макенаџиева - Менаџер за внатрешна продажна мрежа
10. Милан Антовски - Менаџер на сектор актуаријат и реосигурување
11. Светлана Димеска - Координатор за штети и прием во осигурување
12. Марија Димовска - Координатор за усогласеност со правни акти
13. Бранислава Булукова - Координатор за човечки ресурси
14. Стефанија Димова - Тим лидер
15. Кристијан Пецев – Тим лидер
16. Христина Апостолоска – Грижа за корисници
17. Стефан Георгиев – Правник
18. Ивана Нивевска - Соработник за финансиски работи

ВИНЕР ЛАЈФ заклучно со 31.12.2017 година брои 6 (шест) вработени со ССС:

1. Горан Божиновски - ИТ Менаџер

2. Даниела Димитриевска - Соработник за финансиски работи
3. Горан Додев - Логистика
4. Елена Паповиќ - Асистент на Менаџер за продажба за развој на надворешна продажна мрежа
5. Наташа Спасовска – Тим лидер
6. Теодора Медаровска – Тим лидер

(7) Правни и економски податоци на друштвото со неговата матична компанија

***Матично и основно матично претпријатие***

Друштвото е во целосна сопственост на Vienna Insurance Group AG Wiener Versicherung Grup кое е матично и основно матично претпријатие.

***Трансакции со подружници на Матичното претпријатие***

Состојбата на крајот на годината и трансакциите со подружниците на Матичното претпријатие по основ на реосигурување во текот на годината биле како што следи:

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на учество во штети од реосигурителите | 791 | 246 |
| Побарувања по основ на провизија од реосигурителите | 12.726 | 18.321 |
| Обврски по основ на реосигурување | 26.687 | 195 |
| Резерва за пренесена премија – дел за реосигурителите | 400 | 351 |
| Резерва за бруто математичка резерва – дел за реосигурителите | 28.166 | 11.895 |
| Резерва за штети – дел за реосигурителите | 45 | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| Бруто полисирана премија предадена на реосигурителите | (26.172) | (23.204) |
| Промена во резерва за пренесена премија – дел за реосигурителите | 48 | (222) |
| Приходи од провизии и надомести по основ на реосигурување | 12.725 | 18.321 |
| Бруто исплатени штети - дел за реосигурителите | 790 | 246 |
| Промена во резерва за штети – дел за реосигурителите | 35 | (261) |
| Промена во резерва за бруто математичка резерва – дел за реосигурителите | 16.777 | 10.002 |

**Транскации со клучниот менаџерски персонал**

Вкупните надомести на клучниот менаџерски персонал на Друштвото, вклучени во Административни трошоци се како што следува:

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Краткорочни користи за вработените | 13.556 | 12.941 |

(8) Информации за членовите на органот на управување и надзорниот орган на друштвото.

Во Март 2017 година Надзорниот Одбор усвои одлука за назначување на Г-дин Мартин Теов за член на Управниот Одбор со мандат до 16.03.2019 година. Агенцијата за супервизија на осигурување, врз основа на горенаведената одлука, на ден 10.05.2017 година издаде Решение за издавање согласност за вршење функцијата на член на орган на управување за Г-дин Мартин Теов, со траење до 09.05.2018 година.

Годината беше завршена со следниот состав на членови на Управниот Одбор:

| **Титула** | **Име** | **Презиме** | **Пол** | **Дата на раѓање**<br>**Државјанство** | **Професија** | **Мандат до** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Претседател на Управен одбор** | **Дарко** | **Дедиќ** | М | 17.06.1971 година<br>Република Македонија | Дипломиран економист | 16.03.2019 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Член на Управен одбор** | **Бернд/Bernd** | **Ацхатз/Achatz** | М | 10.04.1973 година<br>Република Австија | Доктор по економски науки | 16.03.2019 година |
| **Член на Управен одбор** | **Мартин** | **Теов** | М | 24.05.1976 година<br>Република Македонија | Дипломиран историчар на уметноста со археологија | 09.05.2018 година |

На последната седница на Надзорниот Одбор за 2016 година, на ден 15.12.2016 година Г-ѓа Светла Несторова – Асенова ја најави својата оставка од позицијата Член и Потпретседател на Надзорниот Одбор. Г-ѓа Асенова продолжи да ја врши својата функција како Член и Потпретседател на Надзорниот Одбор се до официјалното констатирање на оставката и назначување на новиот член на Надзорниот Одбор на Собранието на Акционери одржано на ден 09.02.2017 година.

За нов член на Надзорниот Одбор на Собранието на Акционери одржано на ден 09.02.2017 година, беше назначен Г-дин Јохан Гиртл, државјанин на Република Австрија.

Годината беше завршена со следниот состав на Надзорниот Одбор:

1. **Г-дин Габор Лехел - Претседател на Надзорен Одбор; државјанин на Република Унгарија**
2. **Г-дин Ервин Хамербахер - Член на Надзорниот Одбор; државјанин на Република Австрија**
3. **Г-дин Јохан Гиртл – Член на Надзорниот Одбор; државјанин на Република Австрија**
4. **Г-ѓа Викторија Јовановска – Независен член на Надзорниот Одбор; државјанин на Република Македонија**

Во текот на годината беа одржани 4 редовни седници на Надзорниот Одбор, Годишно Собрание на Акционери на 20 Април 2017 година и вонредно собрание на акционери на 09.02.2017 година.

(9) Правен статус и седиште на друштвото за осигурување, име, адреса, датумот на именување на овластен ревизор, листа на класи на осигурување видови договори за осигурување

АД за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп Скопје ул. 11 Октомври бр. 25 кат 8, Скопје, Основано со 28.01.2011 година и упишано во трговски регистар со решение бр. 30120110001399. Друштвото има добиено дозвола за работа со Решение бр.09-1376/9 од 17.12.2010 издадено од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Во истото решение се наведени класите за кои друштвото има добиено дозвола за работа

- класа 1 осигурување од незгода
- класа 2 здраствено осигурување
- класа 19 осигурување на живот
- класа 21 осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови

Со Одлука од Собрание на акционери од 2017 година за овластен ревизор е назначено друштвото за надворешна ревизија КПМГ ДОО Скопје.

Во рамки на своето работење друштвото склучува договори за застапници во осигурување со лица кои имаат добиено лиценца за работа од страна на Агенција за супервизија на осигурување. Досега има активни вкупно 37 договори со застапници во осигурување. Исто така Друштвото има деловна соработка со 23 брокерски друштва, 4 друштва за застапување во осигурување како и 1 банка.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје**

**Претседател на Управен Одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен Одбор**
**Бернд Ацхатз**

**Член на Управен Одбор**
**Мартин Теов**